Култура

Објавено на: **04.05.2010 15:57:13**
Автор: **Ивана Настеска**Извор: Макфакс

Бугарскиот културен клуб апелира за реставрација на бугарски споменици

Бугарскиот културен клуб во Скопје апелира за неодложно реставрирање на уништените споменици во Република Македонија, кои припаѓаат на бугарското културно-историско наследство.



Бугарскиот културен клуб во Скопје апелира за неодложно реставрирање на уништените споменици во Република Македонија, кои припаѓаат на бугарското културно-историско наследство.

„Уништувањето на споменици не би требало да се случува во држава, која се стрми да стане член на Европската унија и НАТО“, соопштуваат од тимот за односи со јавност на Бугарскиот културен клуб.

Тие велат дека испратиле писмо до претседателите, премиерите, министрите за надворешни работи и министрите за култура на Република Македонија и Република Бугарија, до странските амбасади во Република Македонија, претседателот на Европската комисија Жозе Мануел-Барозо, претседателот на Европскиот парламент Јежи Бузек, генералниот секретар на УНЕСКО Ирина Бокова, комесарот за човекови права на Советот на Европа Томас Хамамберг, комесарот за проширување Штефан Фуле, евроамбасадорот Ерван Фуере, бугарските европратеници, членовите на мешовиот парламентарен комитет ЕУ-МК (Евгени Кирилов, Јорго Шацимаркакис, Георгиос Кумуцакос, Зоран Талер, Алојз Петерле) и претседавачот на бугарската делегација во Парламентарната асамблеја на Советот на Европа (ПАСЕ) Живко Тодоров.

Со испраќање на писмото се надеваат дека ќе добијат позитивен одговор во однос на нивните барања./крај/со/ин

© Copyright 2010 | Макфакс